# Издухна ветрец-крај море




Издухна ветрец крај море, леле,
Па скрши гранка маслинка.

Па се разбуди момето, леле,
Тргна се моме, претргна.

Луто се моме лутеше, леле,
Ај, што си сон сонуваше!

На сон ми доідоа три млади, леле,
До три ми млади момчиња.

Прво ми даде јаб’ка, леле,
Второ ми даде злат прстен.

Треќо ме момче дарува, леле,
Оно ме мене целива.

Тој што ми даде јаб’ка, леле,
Тој да се скапе как’ неа!

Тој што ми даде злат прстен, леле,
Тој да се спровне кр’з него!

Тој што ме мене целива, леле,
Ај, да би било најаве!

Пеел Диме Богевски од Кавадарци—Тиквешко, 1937 година.

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.